Евро-Атлантски Совет на Македонија

# Глобалниот заштитник



supported by

Royal Norwegian Embassy

Лазар Еленовски

Билјана Радева

# Евро-Атлантски Совет на Македонија

# Глобалниот заштитник

Анализа и ставови за новиот Стратешки Концепт на НАТО

Октомври 2010 година

Автори:
Лазар Еленовски, *претседател на Евро-Атлантски Совет на Македонија, поранешен министер за одбрана на РМ*
Билјана Радева, *генерален секретар на Евро-Атлантски Совет на Македонија*

## СОДРЖИНА

| | |
|---|---|
| Предговор | 3 |
| Новата визија на НАТО | 4 |
| Зошто Нов стратешки концепт? | 4 |
| Заедничките вредности, Новата солидарност | 5 |
| Трансформација на Алијансата | 5 |
| Воени капацитети | 5 |
| Политичка реформа | 6 |
| Партнерства на Алијансата | 6 |
| Европа – обединета и слободна | 6 |
| Русија | 6 |
| Арапскиот свет | 6 |
| Нова енергија со ОН и други меѓународни организации | 6 |
| ЕАПС и глобалните партнерства | 7 |
| Новиот стратешки концепт и Македонија | 7 |
| Заклучок - Глобаризирано НАТО | 7 |
| Идентификација на клучни процеси | 8 |
| Северноаталнтски договор | 9 |

# Предговор

*Во изминатата година по одржувањето на последниот Самит на НАТО во Стразбур-Кел април 2009 година, сведоци бевме на една интензивна глобална безбедносна дебата за Новиот Стратешки Концепт на НАТО. На Самитот, Алијансата формираше работна група на експерти или т.н. група на мудреци (Group of Wise Men) предводена од поранешниот американски државен секретар Медлин Олбрајт која доби задача да организира глобална јавна дебата за иднината на Алијансата и да поднесе извештај со своите видувања за бројните политички и безбедносни аспекти коишто го засегаат НАТО во предизвиците на новото време.*

*Дебатата за Стратешкиот концепт е една од најтранспарентните дебати водени за некој процес во последниве години, дебата во која беа вклучени земјите членки на НАТО, партнерите, политичарите, воените штабови, експертите, граѓанското општество, најразлични тинк-тенк организации, медиумите, и секој обичен граѓанин, особено благодарение на отвореноста на Алијансата, посебно преку интернетот и социјалните мрежи за комуникација.*

*Анализата и гледиштата за Новиот Стратешки концепт на НАТО, кој ќе се усвои на Лисабонскиот Самит на Алијансата во ноември 2010 година е документ на Евро-Атлантскиот Совет на Македонија (ЕАСМ) кој произлегува како резултат на активностите кои ЕАСМ во изминатиот период ги презема во работата со јавноста  за прашањата за НАТО, Новиот стратешки концепт безбедноста и меѓународните односи.*

*Во динамичниот свет во кој живееме, безбедносното опкружување и односите помеѓу земјите се во постојано менување. Заканите и предизвиците се трансформираат, а и побарувањата и интересите на земјите на глобално ниво. Во таа насока, потребна е силно изградена свест за општеството во кое живееме, а уште повеќе силно и непоколебливо лидерство за да се соочи со предизвиците на 21-от век. Затоа и ЕАСМ во својата работа е посветен да развие стратешка дебата за клучните прашања од меѓународната безбедност кои ги дефинираат односите и интересите на светот во кој живееме.*

*Во оваа прилика и се заблагодаруваме на Амбасадата на Кралството Норвешка во Република Македонија за нејзината поддршка за изработката на овој документ.*

# Новата визија на НАТО

*„Мораме да покажеме дека нашите вредности не се Западни, уште помалку американски или англо-саксонски, туку се вредности заеднички за целото човештво, универзални вредности кои треба да се право на глобалниот граѓанин.“*

*Тони Блер*

Изминуваат 20 години од завршувањето на Студената војна и демократската револуција на Источна Европа. Живееме во ерата на глобализацијата и новите технологии кои даваат сосема различна природа на безбедноста. НАТО, најголемата безбедносна алијанса во човековата историја заснована на Вашингтонскиот договор и Повелбата на човековите права на ОН не само што го издржа тестот на времето туку демонстрира капацитет за промена што денес ја потврдува нејзината релевантност. Таа денес не е само клучен безбедносен форум што ги штити граѓаните на земјите сојузнички од Северна Америка и Европа, нивните институции и заеднички вредности во евро-атлантското подрачје.
НАТО денес е безбедносна организација која со политички и воени средства го промовира мирот, стабилноста и безбедноста во глобален контекст.
Живееме во свет на рапидни промени а тоа го поставува прашањето на безбедноста како уште повисок приоритет. Асиметричните закани- глобалниот тероризам, оружјата за масовно уништување, сајбер војната и енергетската безбедност во „глобалното село“ се закани кон кои треба да се пристапи на комплексен и прецизен начин бидејќи неуспехот може да биде со несогледиви последици. Денес, единствено НАТО како меѓународна безбедносна организација може да се обиде да одговори на овој глобален безбедносен предизвик.
Во деценијата на новиот милениум тоа и го правеше ширум светот. Со воената интервенција во Авганистан и симнувањето на злосторничкиот режим на Талибанците, во Ирак, Средоземното море, во Дарфур, во Пакистан, во Соединетите држави, во Еденскиот залив. Тоа го правеше на различни начини од воена интервенција, во обука, антипиратски активности, кризен менаџмент при природни катастрофи.

Затоа ако во 90-тите години на минатиот век доминираше “out-of-area” прашањето при што Алијансата трагаше по својот нов идентитет, оваа деценија доминираа мисиите надвор од зоната, иднината нема да биде национална ниту регионална. Ниту пак инцидентна. Таа ќе биде глобална и НАТО мора да се престрои кон реалноста што доаѓа со сите комплексности за да може да одговори на предизвиците доколку сака да остане релевантен.

Токму затоа, степенот на амбиција за Новиот стратешки концепт кој ќе се усвои наскоро во Лисабон е всушност за тоа каков НАТО му треба на светот во 2020 и понатаму. Таа амбиција е сепак многу помалку прашање на желба, а многу повеќе реална категорија и зависи од севкупните безбедносни предизвици во светот кој живее во т.н. „глобално село“. За НАТО да одолее, возврати и биде успешен кон тој перманентен и растечки безбедносен притисок потребна е нова форма, нова енергија и нова визија.
Тоа што беа поединечните мисии и активности во оваа деценија, сега со Новиот стратешки концепт треба да се преточи во концепт. Тоа е патот по кој НАТО веќе почна да чекори во новиот миленум. Не постои друга опција, освен НАТО да се постави како организација во глобален контекст. НАТО 2020 за кој се однесува Стратешкиот Концепт 2010 треба да биде глобализиран.
Вашингтонскиот договор нема ограничувања во поглед на глобалниот концепт на НАТО.

## ЗОШТО НОВ СТРАТЕШКИ КОНЦЕПТ?

НАТО е една од најдинамичните меѓународни организации кои извршија најголеми промени во последните дваесет години од Студената војна наваму. Подготвеноста на сојузниците за усвојување на Новиот стратешки концепт е доказ и потврда дека Алијансата продолжува со својата трансформација.

Новиот стратешки концепт најпрво треба да ги реафирмира основните вредности на солидарност, демократија, слобода, колективна безбедност. НАТО останува единствениот форум каде Северна Америка и Европа имаат можност секој ден заедно да дискутираат за безбедносните прашања кои сите нас не засегаат и како заеднички да се справиме со нив. Но, безбедносното опкружување се смени – од 16 во 1999 година, Алијансата се прошири за 12 земји од Источна Европа и сега има 28 земји членки, светот живее во ерата на пост 9/11, Авганистан е голема операција која НАТО ја презеде од 2002 и трае до денес. НАТО помагаше при земјотреси и поплави, при пиратски дејства, при геноцид и етничко чистење, а најмногу напори НАТО потроши на борбата против тероризмот.

Со Новиот стратешки концепт сојузниците ќе треба да го потврдат американско-европското стратешко партнерство и организацијата во целина. НСК е потребен за САД , повторно да се обидат да добијат во Европа сериозен воен партнер. За Европа НСК е потребен за да добие нова потврда за нејзината сигурност, како и време за градење на своите капацитети за кои нема јасно дефинирана единствена политичка визија, волја и цел.

Затоа, овој Документ треба повторно да ги  да ги дефинира контурите  на трансатлантската врска, како основно јадро на Алијансата, но сега поставена во глобален контекст со обврските и одговорностите за секоја членка.
Накратко, Новиот стратешки концепт треба да ги идентификува процесите кои ќе понудат еден нов концепт на Алијансата со кој таа ќе биде релевантна и доминантна за децениите што доаѓаат. Процесите кои ги идентификуваме во овој труд ги сметаме за нужни за глобализираниот НАТО, проекција која со годините би се надополнувала.

## 1. ЗАЕДНИЧКИТЕ ВРЕДНОСТИ, НОВАТА СОЛИДАРНОСТ

Новиот стратешки концепт треба да биде најпрво потврда на заедничките вредности и на самиот Вашингтонски договор, но во нова универзална форма која ќе ги реенергира принципите на Алијансата. Денес атлантските вредности се универзални за човештвото и тоа е една дополнителна одговорност, но и охрабрување за атлантското семејство.
Новата Солидарност претставува еден нов договор меѓу сојузниците кој подразбира дека тие заеднички ги препознаваат безбедносните реалности и предизвици како и нужностите за идната трансформација на Алијансата и прифаќаат да ја превземат одговорноста и да го споделат товарот. Тоа е condition sine qua non, новиот консензус.

## 2. ТРАНСФОРМАЦИЈА НА АЛИЈАНСАТА

Се подинамичните промени во безбедносното опкружување налагаат НАТО да ја забрза својата воена трансформација и да преземе одлучни чекори со цел заштита на своите граѓани. Трансформацијата е процес без запирање, но потребни се јасни чекори со кои тој процес ќе се идентификува во иднината. Новиот стратешки концепт треба да го даде патоказот за тоа.

Доколку сојузниците сакаат Алијанса која ќе одговори и ќе влијае на промените на 21 век, потребна  е политичка и воена реформа.

## 3. ВОЕНИ КАПАЦИТЕТИ

НАТО мора да развие современи и ефективни воени капацитети за остварување на основната мисија на колективната одбрана. Воените капацитети мора да се модернизираат и да бидат функционални што значи пред се експедициски ориентирани. Потребно е зајакнување на системите за заштита на војските на сојузниците.
Новиот стратешки концепт треба да ги насочи сојузниците да развијат сили кои се мобилни, кои можат да се распоредат и да дејствуваат каде и да се пратени. Инвестирањето во статични армии треба да прекине.

Нуклеарната одбрана, поради присутниот нуклеарен ризик, да продолжи да се оддржува.

Новата воена трансформација вклучува:

- *Градење на модерни воени капацитети* - модерните закани кои ја користат новата технологија бараат брзо прилагодување на целиот спектар на силите и средствата за одвраќање на копно, вода и воздух, вклучувајќи ги и сајбер заканите и обезбедувањето на енергетските токови. Иднината брзо ќе ја донесе вселенската компонента.
- *Функционалност на критериумите за распоредување* – НАТО со новиот договор треба да ги ревидира и стави повторно во сила  критериумите за распоредување на силите. Во услови на ограничени ресурси, функционалност на силите подразбира нивна соодветна обука, опремување и распоредување.
- *Одбранбен буџет* - Соодветно буџетско зафаќање на одбраната кое до сега беше 2% од БДП, придружено со реформа за ефикасна употреба и намена на средствата
- *Реформа на главните воени штабови и намалување и групирање на бројот на комитетите.*
- *Рапидна НАТО сила* - Капацитетот на градење на рапидна НАТО сила е еден од приоритетите во идната воена трансформација. Сегашниот концепт на Силите за брз одговор (НРФ) се покажа како предимензиониран и треба да се ревидира на 6-8000 сили кои ќе можат да интервенираат во било кое стратешко време и растојание.
- *Ракетната одбрана* – Предложениот ракетен штит во Источна Европа е од стратешки интерес за безбедноста на атлантскиот свет. Градењето на овој клучен капацитет не треба повеќе да се одлага. Тоа не само што не е опасност за Русија туку со нејзиното учество во проектот тој може да се надогради и да биде поефикасен што е од есенцијален бенефит за безбедноста на граѓаните на сите вклучени страни.
- *Повлекување на националните ограничувања од воените зони.*  Тоа ќе доведе до зголемување на ефикасноста на операциите на теренот, нешто што НАТО командантите го бараат подолго време.
- *Заеднички иницијативи и вложувања* – заедничките вложувања се наметнуваат како разумно решение за се поголемата потреба од специфични вложувања во најразличните аспекти на модерната високо технолошка одбрана и вооружување.
- *Градење на воено-цивилни капацитети* - Потребен е интегриран пристап на воените и цивилните капацитети. Авганистан покажа на дело дека и на најефективните воени капацитети им е потребна цивилна поддршка.

## 4. ПОЛИТЧКА РЕФОРМА

Новата светска реалност на брзи промени, но и проширувањето на Алијансата на 28 земји членки и бројните партнери од различните иницијативи водат кон внатрешни административно-политички реформи. НАТО, додека потежок на терен, мора да биде поефикасен и полесен од бирократски аспект. Потребен е поефикасен процес на донесување на одлуки, процедурите да се намалат и да се преиспита сегашниот процес на консензуално донесување на одлуки на сите нивоа и за сите прашања. На НАТО му е потребна поголема динамика.
Новата проекција за НАТО ќе побарува многу повеќе од Генералниот секретар како централна фигура на Алијансата. За да може да одговори на тоа сојузниците ќе треба да се договорат да ја зајакнат неговата улога во организацијата и на јавната светска сцена. Треба да се има предвид дека станува збор за организација, не за држава што може да има предности во различни преговарачки процеси и која се прима поинаку кај сите учесници во меѓународниот систем. Во таа насока, да се подобри и прилагоди имиџот и комуникацијата на НАТО за да одговори на предизвикот како глобализирана организација.

## 5. ПАРТНЕРСТВА НА АЛИЈАНСАТА

НАТО отвори голема историска страница со политиката на партнерства кои имаат заедничка цивилизациска цел за градење на мирот и сигурноста во светот. НАТО денес признава дека не може да функционира сам особено во денешниот свет на растечки безбедносни предизвици асиметрични и неконвенционални закани кои лесно ги надминуваат границите. Затоа за НАТО 2020, потребно е Новиот стратешки концепт да даде јасни насоки за партнерствата кои Алијансата треба да ги спроведе, а со тоа да добие една поинаква димензија и нов лик.

## 6. ЕВРОПА-ОБЕДИНЕТА И СЛОБОДНА

Политиката на проширувањето на Алијансата е од стратешки интерес за да се шири зоната на мир и сигурност.
Процесот на проширувањето на НАТО со нови членки е гарантирано во член 10 на Северноатлантскиот Договор и е во неговата природа во периодот по Студената војна.
Процесот на проширување да продолжи забрзано бидејќи е клучен елемент за исполнувањето на идејата за Европа обединета, слободна и во мир. Тоа подразбира Европа да се комплетира до 2020 година што е од стратешко безбедносно значење. Процесот на зачленување да се ревидира, со оглед на тоа дека тој денес е добро познат на сите партнери што не беше случај пред 15 години кога беше воведен.
Дополнително, придонесот на европските партнери кон глобалната и регионалната безбедност е значаен.

## 7. РУСИЈА

Зацврстување и стабилизација на партнерството со Русија е неминовно за новиот НАТО. Обемот на безбедносните предизвици едноставно го гради тоа партнерство. Русија е единствената држава во атлантскиот свет која значајно може да ги надополни растечката потреба, но и јазот создаден од европските сојузници во највиталните области на "hard power" на Алијансата. Формите на стратешка соработка, од кои некои започнаа, се бројни: мировните операции, борбата против тероризмот, Авганистан, борбата против пролиферацијата на оружја за масовно уништување, ракетната одбрана, поморските вежби и сл. Дополнително нејзината големина и позиција имаат големо геостратегиско значење. Поради повисоките цели, НАТО треба да влезе во овој стратегиски аранжман без разлика на слабостите на руската демократија и загриженоста на нејзините први соседи земји членки и партнери на Алијансата.

## 8. АРАПСКИОТ СВЕТ

Арапскиот свет кој се простира по должината на Северна Африка, Блискиот Исток и Арапскиот полуостров е атлантскиот прв сосед. Тоа е регион кој е во интензивен развој, но исто така и регион со бројни безбедносни и демократски предизвици.

Стратешки интерес на атлантскиот свет е да има мирно и безбедно соседство. За таа цел повеќе иницијативи беа претставени во минатото како Медитеранскиот дијалог и Истанбулската иницијатива за соработка. На таа повеќегодишна соработка време е да и се даде нов лик и импулс. Наредните 10 и повеќе години треба да бидат години каде ќе се изградат цврсти институционални врски меѓу атлантскиот и арапскиот свет. За почеток да се формира НАТО-Арапски Совет. Реформата на безбедносниот сектор е поле кое може да биде од взаемен интерес.
Во наредните децении треба да се случи големото доближување помеѓу атлантскиот и арапскиот свет. А тоа пред се зависи од атлантскиот свет.

## 9. Нова енергија со ОН и други меѓународни организации

НАТО треба да влезе во нова фаза на соработка со светската организација. Организациите, почивајќи на заеднички вредности, во новата ера се уште повеќе посветени една на друга. Тоа треба и да се докаже. Како единствена меѓународна воена алијанса таа им е потребна на Обединетите нации за да помогне во нејзината основна мисија за одржување и ширење на светскиот мир и безбедност.

Во случаи на драстични и масовни загрозување на човековите права, етнички и верски чистења и геноциди, НАТО треба да го стави НРФ во функција на ОН.

Авганистан е добра лекција дека денес не е доволно да се добие војната туку треба да се освои мирот. За да се освои мирот треба да се обезбеди развојот. За да се успее, клучот е во комплексниот пристап. На меѓународно ниво треба да се подобри соработката помеѓу ОН, ЕУ, ОБСЕ, НАТО и нивните различни агенции. Во одредени области по можност и со протоколи.

НАТО треба да го помогне развојот на Африканската Унија.

## 10. ЕАПС и глобалните партнерства

НАТО треба да продолжи со соработката со партнерите од Евро-Атлантскиот Партнерски Совет и т.н. глобални партнерства со државите со кои споделува заеднички вредности.

## 11. НОВИОТ СТРАТЕШКИ КОНЦЕПТ И МАКЕДОНИЈА

Република Македонија во 2008 година ги исполни основните критериуми за членство во НАТО, како организација која е втемелена на перформансите, но до тоа членство не дојде поради политички причини. Овој преседан во историјата на НАТО секако треба да послужи како научена лекција со проширувањата кои ја очекуваат Алијансата кон истокот.
Македонија придонесува со над 4% од своите копнени сили во мисиите со што покажува дека ги разбира новите правила и обврски кои ги носи членството во Алијансата.
Со придонесот кон глобалната, но и регионалната безбедност, Македонија покажа дека е добар партнер на НАТО, дека има капацитет да ги искористи придобивките, но и да го сподели товарот и обврските кои произлегуваат од членството во НАТО, споделувајќи ги истите вредности со евро-атлантското семејство.
Стратешкиот Концепт 2010 ќе биде битен за Македонија како насока за понатамошната одбранбена трансформација, за новите капацитети кои треба да се развијат, структурата на сили, опрема и видот на мисии за кои вооружените сили треба да бидат подготвени.

## 12. Заклучок - ГЛОБАЛИЗИРАНО НАТО

Во динамичниот свет во кој денес живееме Алијансата се покажува како единствената ефективна алатка која претставува заштитник на мирот и безбедноста во светот.

По студената војна НАТО повеќепати интервенираше надвор од својата територија и помогна за запирање и надминување на многу воени конфликти од различна природа, спаси многу човечки животи, со што ја покажа својата способност и својата ширина. Со цел да продолжи да биде ефективна безбедносна организација и во 21 век, НАТО денес, како нејзините визионерски претходници пред 60 години, треба да усвои нов концепт.

Потребна е Новата солидарност, потребно е поголемо инвестирање во одбранбениот буџет и развивање на модерна војска, поефикасно користење на процесот на политички консултации и поголема флексибилност на сојузниците во користењето на консензусот како алатка за донесување на одлуки. Новите сојузи, партнерства и светска соработка само ќе го потврдат тој глобализиран концепт.

Големата дебата меѓу сојузниците во 90-тите години на минатиот век за прашањето на "out-of-area" на крајот не се одговори на политичките форуми, туку се одговори под притисокот на реалноста која болно блесна на 11 септември 2001 и ни го покажа правецот.

Со слична аналогија и како научена лекција, визијата за глобализираниот НАТО не е прашање за дали туку за колку, а тоа исто не зависи од симпатиите, желбите ниту пак предрасудите, туку е цврсто поставена во неопходноста да се обезбеди мир, сигурност и развој на човештвото во глобализираниот свет на 21 век.

За тоа да се реализира НАТО не треба да биде светски полицаец, туку заштитник на цивилизациските вредности и придобивки за човештвото.

## Идентификација на клучните процеси што треба да се имплементираат за глобазилираното НАТО



# СЕВЕРНОАТЛАНТСКИ ДОГОВОР

Вашингтон, 4 април 1949 година

**Северноатлантски договор**

*Страните-потписнички на овој Договор ја реафирмираат нивната верба во целите и принципите на Повелбата на Обединетите Нации и нивната желба да живеат во мир со сите народи и влади.*

*Тие се решени да ја чуваат слободата, заедничкото наследство и цивилизацијата на нивните народи, основани на принципите на демократијата, индивидуална слобода и владеењето на правото. Тие сакаат да промовираат стабилност и благосостојба во Северно-Атлантскиот регион.*

*Тие се решени да ги здружат нивите напори за колективна одбрана и за сочувување на мирот и стабилноста. За таа цел тие го постигнаа овој Северно-Атлантски Договор:*

**Член 1**

Страните се обврзуваат, како што е наведено во Повелбата на Обединетите Нации, да најдат решение за секој меѓународен спор во кој тие би можеле да бидат инволвирани со мирољубиви средства и на начин кој нема да го доведе во опасност меѓународниот мир и безбедност и правда, и да се воздржат во нивните меѓународни односи од закани и употреба на сила, кои на било кој начин не се во согласност со целите на Обединетите Нации.

**Член 2**

Страните ќе придонесуваат кон понатамошниот развој на мирољубиви и пријателски меѓународни односи по пат на зајакнување на нивните слободни институции, подобро разбирање на принципите врз кои овие институции се создадени, и со промоција на услови за стабилност и благосостојба. Тие ќе се стремат да го елиминираат конфликтот во нивните меѓународни економски политики и ќе охрабруваат економска соработка помеѓу било која или помеѓу сите страни.

**Член 3**

За поефикасно остварување на целите од овој Договор, Страните, индивидуално или заедно, по пат на постојана и ефективна само-помош и заедничка помош, ќе го одржуваат и развиваат нивниот индивидуален и колективен капацитет да му пружат отпор на вооружен напад.

**Член 4**

Страните ќе одржуваат заеднички консултации секогаш кога било која од нив ќе смета дека територијалниот интегритет, политичката независност или безбедност на било која од Страните е под закана.

**Член 5**

Страните се согласија дека вооружен напад на една или повеќе од нив во Европа или Северна Америка ќе се смета како напад против сите нив и поради тоа тие се согласија дека во случај на таков напад, секоја од нив, остварувајќи го правото на индивидуална или колективна одбрана - Член 51 од Повелбата на Обединетите Нации - ќе и помогне на нападнатата Страна или Страни по пат на преземање итна, индивидуално или заедно со другите Страни, акција која се смета за неопходна, вклучувајќи употреба на оружена сила, за да се врати и одржи безбедноста на Северно-Атлантскиот регион.

За секој ваков оружен напад и за сите преземени мерки како резултат на тој напад веднаш треба да биде известен Советот за Безбедност. Тие мерки треба да се укинат кога Советот за безбедност ќе преземе мерки неопходни за повторно воспоставување и одржување на меѓународниот мир и безбедност.

**Член 6**[1]

Во врска со Членот 5, вооружен напад врз една или повеќе Страни се смета напад на:

На територија на било која од Страните во Европа или Северна Америка, Алжирски општини во Франција , на територијата или на островите под јурисдикција на било која од Страните во Северно-Атлантскиот регион, северно од Ртот на Ракот; На силите, бродовите или авионите на било која од Страните, кога во или над овие територии или било кој друга област во Европа, каде окупациските сили на било која Страна биле стационирани на денот кога овој Договор стапил на сила или Средоземното Море или Северно-Атлантскиот регион, северно од Ртот на Ракот;

**Член 7**

Овој Договор не влијае, и нема да се толкува како влијателен на било кој начин врз правата и обврските од Повелбата на Страните кои се членки на Обединетите Нации, или врз примарната одговорност на Советот за Безбедност за одржување на меѓународниот мир и безбедност.

**Член 8**

Секоја Страна потврдува дека ниту еден од меѓународните ангажмани што се сега во сила меѓу неа и која било од Страните или која било трета Страна е против одредбите на овој договор, и се обврзува дека нема да стапи во каков било меѓународен ангажман против овој договор.

**Член 9**

Затоа, Страните основаа Совет, во кој што секоја од нив ќе биде претставена, за да разгледуваат прашања во врска со имплементацијата на овој договор. Советот ќе биде така организиран за да биде во можност да се состане брзо во кој било момент. Советот ќе основа помошни тела доколку тоа биде потребно; особено советот веднаш ќе основа комитет за одбрана кој ќе препорачува мерки за имплементација на Членовите 3 и 5.



[1] Дефиницијата на териториите за кои се применува Членот 5 беше ревидирана со Член 2 од Протоколот на Северно-атлантскиот Договор со приемот на Грција и Турција потпишан на 22 октомври 1951 година.

[2] На 16 јануари 1963 година, Северноатлантскиот Договор забележа дека што се однесува на поранешните Алжирски Департмани на Франција, релевантните клаузули на овој Договор не се применуваат од 3 јули 1962 година.

### Член 10

Страните можат, со едногласна согласност, да поканат која било Европска држава која е во состојба да ги унапредува принципите на овој Договор и да придонесува кон безбедноста на Северно-атлантскиот регион, да пристапи кон Договорот. Државата која ќе биде поканета на овој начин може да стане Страна на договорот со депонирање на својот инструмент за пристапување кај Владата на Соединетите Американски Држави. Владата на Соединетите Американски Држави ќе ја информира секоја од Страните за депонирањето на секој таков инструмент за пристапување.

### Член 11

Овој Договор ќе биде ратификуван, а неговите одредби спроведени од страна на Страните во согласност со секој од нивните уставни процеси. Инструментите на ратификација ќе бидат депонирани што е можно побрзо кај Владата на Соединетите Американски Држави, која пак ќе извести сите други потписнички за секој депозит. Договорот ќе стапи во сила меѓу Државите кои го ратификувале штом ратификациите на најголем број од потписничките, меѓу кои и ратификациите на Белгија, Канада, Франција, Луксембург, Холандија, Обединетото Кралство и Соединетите Американски Држави, се депонирани и тие ќе стапат во сила со обѕир на останатите Држави на датата на депонирање на нивните ратификации[3].

### Член 12

Откако Договорот ќе биде во сила десет години, или кое било време потоа, Страните ќе, по нивно барање, се консултираат со цел да го разгледаат Договорот, имајќи ги во предвид факторите кои влијаат на мирот и безбедноста во Северно-атлантскиот регион, како и развојот на универзалните и регионални договори во согласност со Повелбата на Обединетите нации за одржување на меѓународниот мир и безбедност.

### Член 13

Откако Договорот ќе биде во сила дваесет години, која било Страна може да се откаже од членството една година откако нејзиното известување за откажување е предадено на Владата на Соединетите Американски Држави, која ќе ги информира владите на останатите Страни во врска со депозитот за секое известување за откажување.

### Член 14

Овој Договор, чии англиски и француски текстови се подеднакво автентични, ќе бидат депонирани во архивите на Владата на Соединетите Американски Држави. Соодветни сертифирани копии ќе бидат пренесени од таа Влада до Владите на останатите потписници.



[3] Договорот стапи на сила на 24 август 1949 година, по депонирањето на ратификациите на сите земји потписнички.

**Евро-Атлантски Совет на Македонија**

22 / 1 / 15 Македонија,
1000 Скопје, Македонија

Тел / Факс: +389 2 316 22 21
Е-маил: info@atamacedonia.org.mk

**www.atamacedonia.org.mk**